HALKBANK

Халкбанк АД Скопје е еден од најсилните брендови на македонскиот финансиски пазар. Преку ефикасно нудење на сите банкарски услуги, создава вредност за своите клиенти, акционери и вработени. Водени од нашата визија за водечка банка во регионот, својот широк асортиман на производи го нудиме насекаде во земјата преку широката мрежа на филијали.

Согласно тековните потреби од нововработени лица во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за следната работна позиција:

**Машински Инженер во Дирекција за административни работи**
**Референца Бр. 002/2026**

**Главни работни задачи:**

- Соодветно раководење на системите за греење, климатизација и вентилација и организација за нивно редовно одржување;
- Вршење на брза и конкретна дефектажа на системите при акутен проблем и решавање на истиот во најкраток можен рок;
- Пресметка на топлински добивки и загуби, пресметка на капацитет на вентилациони системи;
- Изработка на целосни термотехнички проекти за потребите на банката;
- Цртање и изработка на функционални и штранг шеми
- Одлично познавање и работење на Microsoft Office
- Читање на техничка документација и технички цртежи
- Изработка на идејни, основни и проекти на изведена состојба на термотехнички инсталации
- Планирање на системите согласно архитектонските основи изработени според Brand Book и стандардите на Банката;
- Координација со изведувачи и надзори за усогласување на системите согласно внатрешното уредување;
- Проценка на инвестиција, одредување на буџет и надзор при реализација на изведбата и решавање на акутен проблем.

**Основните квалификации, познавања и вештини кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Високо образование - диплома од Машински Факултет, смер: Термичко Инженерство/ Енергетика и екологија/Автоматизација и управувачки системи/Хидраулично енергетско инженерство;
- Возачка дозвола Б категорија;
- Работно искуство минимум 5 год.
- Познавање на софтвери како AutoCAD, AutoCAD MEP, Microsoft Office ;
- Добро познавање на алатките на Adobe Acrobat
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Креативен и прецизен пристап кон работните задачи;
- Развивање иновативни и економични решенија;

- Одговорно извршување на работните обврски во зададени рокови;
- Способност за самостојна и тимска работа;
- Способност за работа под притисок;
- Следење на актуелните трендови во имплементација на нови системи.

**Бенефиции:**

- Конкурентна плата;
- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Можности за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **23.02.2026** година на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 002/2026 –Машински Инженер во Дирекција за Административни работи.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик, мотивациско писмо и препораки. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Во процесот на селекција, само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и/или интервју.